**ТОЧКА 19**
**ПРЕДЛОГ**

Бр. 02 – 444/19
22.4.2015 година
Скопје

Врз основа на член 107, став 1, точка 1 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 1, точка 10 од Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2015 година бр. 02-255/5 од 27.2.2015 година, Универзитетскиот сенат, на 29. седница одржана на 30.4.2015 година, донесе

# ОДЛУКА
## за доделување стипендии на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат стипенидии за студенти запишани во прва година на прв циклус студии на факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот), во учебната 2015/2016 година.

Средствата за оваа намена се утврдени во Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2015 година бр. 02-255/5 од 27.2.2015 година.

### Член 2

Бројот на стипендиите за учебната 2015/2016 година на Универзитетот изнесува 240 стипендии, распоредени по 10 за секој факултет.

Износот на секоја стипендија е во висина на партиципацијата утврдена со Конкурсот за соодветниот факултет, односно за студиската програма.

Стипендиите се доделуваат само за учебната 2015/2016 година, односно еднократно со намена - уплата на партиципација во трошоците за студирање.

### Член 3

Стипендиите им се доделуваат на првите 10 студенти запишани на факултетот во прва година во учебната 2015/2016 година, во категоријата редовни студенти.

Доколку на листата на запишани студенти за сите студиски програми има повеќе студенти со ист постигнат успех од бројот на стипендиите што се доделуваат, бројот на стипендиите соодветно се зголемува.

### Член 4

По истекот на рокот за запишување, факултетите ги доставуваат до Универзитетот конечните ранг-листи на примени кандидати.

За спроведување на постапката за доделување стипендии, ректорот формира комисија.

Комисијата утврдува ранг-листа и ја доставува до ректорот, кој донесува конечна одлука за доделување стипендии.

### Член 5

Студентот го губи правото на стипендија ако:

- се испише, односно ги прекине студиите;
- не запише втор семестар на студиите;

- не достави до факултетот потврда за запишан семестар;
- му мирува статусот на студент;
- неточно ги прикажал условите битни за доделување и користење на стипендијата;
- се вработи;
- по свое барање го откаже правото на користење на стипендијата.

Факултетот е должен да води евиденција и да го извести Универзитетот за исполнетоста на условите од став 1 на овој член.

Студентот кој го изгубил правото на стипендија е должен да го врати доделениот износ.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**